РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 23.03.2015			
Орг. единица	Број	Прилог	Вредност
11	2202	1	

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: вонреден

2. Субјекти на надзорот:

1. Трговско радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип - аналоген и дигитален пакет
2. Друштво за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје - дигитален пакет
3. Акционерско друштво за електронски комуникации Македонски Телеком Скопје - дигитален пакет
4. Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје - дигитален пакет
5. ДИГИ ПЛУС МУЛТИМЕДИЈА Друштво за телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје - дигитален пакет

3. Датум на извршување на надзорот: 20.03.2015 година.

4. Предмет на надзорот:

Надзорот се изврши со цел да се констатира дали овие оператори ги реемитуваат програмските сервиси AXN и Universal Channel во согласност со дозволите за емитување на овие два програмски сервиси, односно дали реемитуваната содржина соодветствува со онаа за која се издадени дозволите.